РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр.08- 848/1
04/05/2021 година
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 8 и член 42 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), Градоначалникот на Општина Делчево донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За определување на службено лице задолжено за посредување при давање на информации од јавен карактер**

1.Административниот службеник, **Ивана Ивановска** со шифра на работно место УПР0101В01000, назив на работното место Советник за правни работи и застапување, распоредена во Одделението за правни и општи работи и јавни дејности се определува за службено лице задолжено за посредување при давање на информации од јавен карактер.

2.Адмистративниот службеник е должен да контактира, да ги дава потребните информации и му помага на барателот на информациии за што води посебна евиденција за примања на барањата за информации, чувањето и давањето на информациите согласно законската регулатива која се однесува за слободниот пристап на информации од јавен карактер.

3.Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно член 8 и член 42 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), Градоначалникот на Општина Делчево треба да определи едно или повеќе лица задолжени за посредување при давање на информации од јавен карактер.

Согласно горенаведеното Градоначалникот на Општина Делчево донесе Решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА** :
Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од петнаесеет(15) дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер .

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник**
**Горан Трајковски**

Изработила:
М.Стојковска

Доставено до :
-Архива;
-Административниот службеник;
-Одделение за УЧР;
-Агенција за заштита на правото наслободен пристап на информации од јавен карактер;